АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16,
Р. Северна Македонија

АД "Електрани на Северна Македонија" - Скопје, во државна сопственост, објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ПРОДАЖБА НА ЛЕБДЕЧКА ПЕПЕЛ**
**БР.01- 01/2026**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Продавач е А.Д. "Електрани на Северна Македонија" - Скопје, со седиште на ул.11 Октомври бр.9, Скопје.

1.2. Предмет на продажба: **Лебдечка пепел.**

1.3. Предметот на продажба е нус производ/ отпаден материјал – пепел, добиен како нус-продукт од согорувањето на јаглен (лигнит) во производството на електрична енергија во ТЕ Битола
1.4. Огласот е јавен на кој право на учество имаат сите домашни и странски правни кои ги исполнуваат условите од огласот и презеле тендерска документација по Јавниот Оглас.
1.5. Постапката ќе се спроведува преку отворен систем на понуди што значи, секој заинтересиран економски оператор е слободен, во секое време за траењето на системот, да достави своја понуда, користејќи ги обрасците - документите изготвени од АД ЕСМ, за секоја поединечно доставена понуда.
1.6. Траење на отворениот системп на понуди: до исполнување на количините предвидени за продажба или до 10.09.2027 година (до овој рок може да се доставуваат понуди) зависно од тоа кој услов побрзо ќе се исполни.
1.7. Текстот на овој Оглас покрај еднодневната објава во печатени јавни гласила, ќе биде достапен и на web страната на АД ЕСМ, заедно со ТД, за целовреметраење на отворениот систем.

## 2. ОБЕМ НА ПРОДАЖБАТА

2.1 Количините за продажба дадени се во тендерската документација.
2.2. Количините не се обврзувачки за АД ЕСМ. Стварно продадените количини ќе зависат од интензитетот на произзводство во ТЕ Битола.
2.3. Минималната количина за која може да се даде понуда дадена е дадена е во тендерска документација.
2.4. Деталите околу постапката и договорот за купопродажба содржани се во Тендерската документација.

## 3 ПОДИГАЊЕ ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

3.1 Тендерската документација, заинтересираните понудувачи можат да ја подигнат на следниот линк: www.esm.com.mk / , продажба на отпад -јавен оглас за продажба на пепел број 01-01/2026
3.2 Контакти:
Зоран Костадинов тел. 02/3149-171, електонска пошта: zoran.kostadinov@elem.com.mk
Димитар Азески, тел: 02/3149-258, e-mail: dimitar.azeski@elem.com.mk
Никола Пешевски, тел. 02 3149-268, електонска пошта: nikola.pesevski@elem.com.mk

## 4 ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

4.1. Документацијата која понудувачите ја доставуваат, дефинирана е во тендерската документација.

## 5 НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

5.1 Понудувачите своите понуди треба да ги доставуваат на следната адреса:
АД "Електрани на Северна Македонија", ул. 11 Октомври бр.9, Скопје.

5.2 Понудата се доставува во два коверта. Надворешниот коверт во горниот лев агол треба да содржи назнака "Не отворај", понуда по „ јавен оглас за продажба на пепел и бр. на Огласот , име на Продавачот и негова адреса со назнака за Комисија за продажба на пепел. Вториот коверт се наоѓа во надворешниот коверт, а треба да содржи назив на понудувачот/купувачот и негова точна адреса. Вториот/внатрешен коверт ја содржи понудата со пропратната документација

5.3 Понудата се доставува преку пошта или во архивата на Продавачот.

## 6 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

6.1 Понуди кои кои не се изработени според барањата од Тендерската документација , како и оние кои немаат целокупна документација која се бара, нема да се разгледуваат.

**Комисија за продажба на пепел**
**Претседател**
**Димитар Азески**